**Шаховски Клуб ЛАСКЕР – Охрид.**
**НЛБ Банка ж.с. 210-0722351001-15**
**ЕМБС** 7223510, **ЕДБ** 4020017534659
**ул. Јане Сандански бр. 91-3/14, Охрид**
**https://www.facebook.com/Sahovska.Skola.Lasker/**
**www.laskerohrid.weebly.com**
**e-mail:laskerohrid@yahoo.com 078/496045**

Врз основа на член 23 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ бр.52/2010) на седница на Управниот одбор на ден 15. 12. 2022 година, се усвои и донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА РАБОТА НА ШАХОВСКИ КЛУБ ЛАСКЕР

## ОПШТИ НАЧЕЛА

Врз основа на одредбите на Законот за здруженија и фондации на РМ и Законот за спорт, како и Статутот и целите на своето дејствување, ШАХОВСКИ КЛУБ ЛАСКЕР од Охрид (во понатамошниот текст на Програмата со назив: ШК ЛАСКЕР), ќе реализира активности од областа на спортот и спортските активности во општина Охрид, Дебрца, Струга и Вевчани.

За остварување на задачите и целите кои произлегуваат од Програмата за работа на ШК Ласкер, потребно е ангажирање пред се на стручниот кадар, поранешни шахисти како и други релевантни фактори во општината.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Здружението, ШК ЛАСКЕР од областа на спортот е формирано за остварување на заеднички цели и интерес за организирано бавење со спорт во Охрид, Дебарца, Струга и Вевчани. Како посебни цели и задачи се утврдуваат :

- Поттикнување, омасовување и развој на шахот како спорт во Охрид,
- Развивање и усовршување на системот на натпревари,
- Го стимулира развојот на шаховска школи во рамките на клубот,
- Стручно усовршување на своето членство,
- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл.,
- Соработува со другите спортски организации и клубови,
- Пропаганда и афирмација на шахот во општината и пошироко

## Планирање и развој

Глобалниот план за развој на ШК Ласкер во рамките на Програмата за работа на клубот, ќе ги содржи следните подрачја: Учество на клубот во системот на натпревари во организација на ШФМ и соработка со клубови од соседните држави

## ОБЈЕКТИ :

КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ

- Користење на училишни сали организирање на Општински натпревар во шах.
- Користење на други објекти во општината за организирање на Меѓународен турнир во шах.

## АКТИВНОСТИ :

*СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ*

Во рамките на ШК Ласкер работи Шаховска Школа Ласкер која и понатака ќе ги опфаќа младите членови од општина Охрид. Преку редовните тренинзи во Шаховска Школа Ласкер, преку стручна и континуирана работа и тренинзи ќе се развиваат во идни шахисти и натпреварувачи и потенцијални репрезентативци на Република Македонија.

Распоред на тренинзите на Шаховска Школа ЛАСКЕР се:
Вторник 19:00 -20:50 Четвртток . 19:00 -20:50

## НАТПРЕВАРУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

Членовите на Шаховскиот клуб Ласкер ќе имаат тренинзи два пати неделно, додека сите членови можат да учествуваат на Отворените шаховски турнири организирани од Шаховската федерација и другите шаховски клубови во државава и во странство. Со учеството и настапите на натпревари, младите шахисти ќе го стекнуваат потребното натпреварувачко искуство за што поголем развој како шахисти и натпреварувачи.

Членовите на клубот, ќе учествуваат на натпревари на локално ниво кои ќе ги организира клубот, Сојузот на спортови и локалната самоуправа, потоа на регионално ниво и државно ниво во организација на Шаховската Федерација на Македонија, како и на меѓународно ниво во рамките на соработката со клубови и друштва од други земји.

ШК Ласкер Охрид, во рамки на Шаховската школа Ласкер, ги опфаќа сите заинтересирани дечиња од територијата на општина Охрид на возраст од 5г до 18г, за кои се организираат предавања во групи во просториите на ШК ЛАСКЕР Охрид во ООУ Братство Единство Охрид, ул. 7 ноември број 85

.

ПЛАН ЗА УЧЕСТВО НА НАТПРЕВАРИ И ФАНАНСИСКИ СРЕДСТВА за 2023г

| Ред бр | месец | место | турнир | Број на играчи | Потребни финансии |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | јануари-декември | Охрид | Средства потребни за Шаховската школа Ласкер | 42 | 68 000.00 |
| 2. | февруари - март | Охрид | II Рапид турнир Езерски бисер 2023 | 40-60 | 60 000.00 |
| 3. | март | Скопје | Отворен турнир во забрзан шах АЛКАЛОИД 2023 | 16 | 15 000.00 |
| 4. | март | Скопје | Младински турнир Наум Наумоски Борче 2023 | 16 | 30 000.00 |
| | март-мај | Скопје, Неготино, Битола, Струмица | Втора лига - Екипно првенство – мажи 2023 | 10 | 60 000.00 |
| 5. | април | Белград, Тирана | Екипен меч со клубови од соседните држави Раднички – Белград, Партизан Тирана | 10 | 48 000.00 |
| 6. | март | Р. Србија | Балкански куп 2023 | 6-12 | 50 000.00 |
| 7. | 24-27 мај | Скопје | Младински турнир "Квалитет" | 10 | 60 000.00 |
| 8. | јуни | Охрид, Струга | Поединечни првенство за момчиња и девојчиња | 16 | 50 000.00 |
| 9. | јуни | Охрид, Струга | Меѓународен шаховски камп | 16 | 8 000.00 |
| 10. | јуни | Ниш | Опен НИШ 2023 | 6 | 48 000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | јуни/ јули | Цетиње, Црна Гора | Европски школски куп | 6 | 48 000.00 |
| 12. | јули | Параќин | Интернационален турнир Параќин 2023 | 6 | 48 000.00 |
| 13. | август | Охрид, Струга, Тетово, Куманово | Втора лига - Екипно првенство – жени 2023 | 6 | 50 000.00 |
| 14. | август - декември | / | Европски поединечни првенства за млади | 4 | 90 000.00 |
| 15. | септември | Струга | Интернационален турнир Езерска кралица 2023 | 12 | 30 000.00 |
| 16. | септември ноември | / | Екипни првенства за млади 2023 - по категории | 12 | 60 000.00 |
| 17. | септември ноември | / | Рапид првенства за млади 2023 - по категории | 12 | 30 000.00 |
| 18. | октомври | Охрид | Младински турнир „ЛАСКЕР 2023“, Охрид | 62 | 30 000.00 |
| 19. | ноември | Охрид | III Општинско првенство во шах “7 Ноември 2023” по повод ослободувањето на Охрид | / | 60 000.00 |
| 20. | декември | Скопје | Државно првенство за ученици од основно и средно образование | 12 | 15 000.00 |
| 21. | јануари декември | | Публикација, печатење на книгата Прирачник за шах | | 50 000.00 |
| вкупно | | | | | 1 008 000.00 |

Декември. 2022 година

Ш.К. ЛАСКЕР Охрид
П р е т с е д а т е л,
Борис Лушески